**Известување за концентрација со која Современ Дом АД Прилеп и ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје ќе стекнат заедничка контрола над Скопски Пазар АД Скопје (предмет бр. 08-4/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.01.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето заедничка контрола од страна на **Современ Дом АД Прилеп** со регистрирано седиште на ул. Александар Македонски бр. 1 г/13 во Прилеп и **ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на бул. Партизански одреди бр. 106/лок 1 во Скопје над **Скопски Пазар АД Скопје** со регистрирано седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7 во Скопје.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Подносителот **Современ Дом АД Прилеп** е акционерско друштво во сопственост на повеќе акционери и истиот се занимава со издавање на недвижен имот.

Подносителот **ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице. Основач и управител на друштвото е Фатмир Етеми од Скопје. Подносителот ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Скопје се занимава со изградба и продажба на недвижен имот – станбен и деловен простор.

Целното друштво **Скопски Пазар АД Скопје** со регистрирано седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7 во Скопје е акционерско друштво во сопственост на повеќе акционери и истото се занимава со организирање на зелени пазари во градот Скопје и издавање на деловни простории на територијата на Република Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето, релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација може да се дефинира како *пазар на издавање недвижности*, а релевантниот географски пазар како *Република Северна Македонија*.

Подносителот смета дека како релевантни пазари би можеле да се дефинираат: *пазар на обезбедување cloud услуги*; *пазар на обезбедување web hosting услуги*;и *пазар на обезбедување IT услуги*, а имајќи ги во предвид главните деловни активности на целните друштва.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

02.02.2021 година
Скопје